# Living the Lotus 1

2024

## Buddhism in Everyday Life

VOL. 220




*Rissho Kosei-kai of San Antonio*

Living the Lotus
Vol. 220 ( Јануари 2024 )

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада,
Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international
@kosei-kai.or.jp
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопс Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.



# Ревносно дКултивирајќи го будистичкото срцее

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи

## Ревносното практикување е како бик кој движи тежок товар

Јас ви посакувам на сите среќна Нова Година.

дПросторот пред секоја порта / Е украсен со мали борови дрвја - / Пролетта доаѓа, / Од куќа до куќа.е Оваа поема од монахот Саигјо (1118-1190) ја прославува Новата Година преку опишување на весело расположение на доаѓањето на пролетта во секој дом.* Неколку домови сега ги украсуваат нивните влезови со Новогодишни борови, но јас се надевам дека сите од нас заедно ќе уживаме весела и среќна 2024, чувствувајќи се така освежени при Новата Година како што е заживениот пејсаж на Јапонија.

Ние ги учиме учењата на Будата заради тоа што се надеваме дека со правење на тоа, ние можеме да направиме дури и чекор или два напред во подобрувањето на себеси како човечки битија. Ние сме подучувани дека ова тешко да е само желба затоа што преку поставување да живееме како Будата и практикување на тоа ревносно како што ги следиме учењата, ние можеме секогаш да најдеме радост во развивање како човечки битија и усовршување на себеси.

Меѓутоа, многу луѓе слушајќи за ревност и практикување на Буда Патот претпоставуваат дека тоа е само можно ако вие сте исклучителна личност која прави огромни напори. Но во Сута Нипата, една од најраните сутри, Шакјамуни вели дека дРевносното практикување е како бик кој движи тежок товар, носејќи нѐ нас до состојба на мир и спокој.е Не постои ни најмала трага на грубост или строгост во овој израз. Наместо тоа, се појавува на ум слика на вол кој бавно, тихо влече кола, или на крава која тихо влече рало и го бразди полето. Со ова на ум, пред околу четврт век, јас ја напишав Култивирајќи го Будистичкото срце затоа што мислев дека е важно за нас ревносно да следиме пат низ животот, ни брзајќи ни застанувајќи, како што ги учиме Будините учења кои ги култивираат полињата во нашите умови.

Во таа книга исто така, јас земав цитати од Сутата Нипата, за која е речено дека е најблиска до изговорените зборови на Шакјамуни; нејзината универзалност ги трансцендтира разликите во секти и свети текстови. Додека јас го спомнувам тоа, јас сакам сите вие да ми се придружите во размислување за тоа што Будизмот

подучува како основа за живеење како човечки битија. Понатаму, јас верувам дека едноставно прифаќајќи што Шакјамуни сакал за нас и сакал да ни пренесе на нас, и разумно ставајќи го тоа во пракса во нашите секојдневни животи, е начинот да ревносно стремиме состојба на мир и спокој.

## Држете се за тоа, постојано

Основачот Нивано јасно нагласил дЧовечките битија се сите исти и сите нешта се едно. Овие се ништо друго туку отколку основните идеи на Будизмот. Со други зборови, тоа што Будизмот подучува е дека ако ние ги отвориме нашите очи кон тие основни идеи, нашиот начин на гледање на нештата се променува и нашиот начин на живот се променува, и ако нашиот свет стане место како постојат многу луѓе кои го имаат овој вид на размислување, ние сите ќе бидеме способни да живееме заедно во хармонија. Заради тоа јас верувам дека иако ние можеме да припаѓаме на различни религиозни организации или секти, ние сите сме обединети под учењата на Шакјамуни дека дСекоја личност има живот кој е драгоцен и е подеднакво вреден на почите и дние сите сме пријатели учесници во едниот живот на универзумот,е и дека ние сите ги изразуваме овие учења на различни начини, согласно со нашите индивидуални природи и различни потреби.

Зен мајсторот Реирин Рамада (1889-1979) кој служел како игумен во Еихеији, еден од двата главни храмови на Сото сектата на Јапонскиот Будизам, рекол: дБез оглед што Зен мајсторот Доген видол или слушнал, тој се осеќал како тоа да бил тој, самиот, кој го направил тоа . . . Тоа што го викаме ддруги луѓее Доген го нарекол дсопството на другитее. Додека другите луѓе беа сеуште други луѓе, тој чувствувал како да тие биле негово сопство и заради тоа нивната радост била негова сопствена радост и нивната тага, тагата на неговото сопствено јас.е (Даихорин (Големото Дарма тркало) книга 36 број 3, Даихорин-каку, 1969). Јамада го нарекол ова двистинскиот начин на живот за човечките битија.е

Додека ригорозното практикување на Буда патот е секако ревност, секогаш кога нашите умови се заведени од алчна желба, лутина, или љубомора во правец на нашите секојдневни животи, враќање на состојбата на умот дсите човечки битија се истотое и дсите нешта се едное е исто форма на ревност, и постојано чувајќи ја таа состојба на ум е, за нас кои водиме човечки животи, начин на живот вкоренет во желбите на Шакјамуни. Јас се надевам дека ние ќе ги култивираме нашите срца така да оваа состојба на ум ги поддржува нашите вообичаени зборови и дела секој ден и ние одиме напред, во здравје и мир, од ден во ден.

(Од *Косеи*, Јануари 2023)



# Вовед кон Ришо Косеи-каи преку стрипови

## Животот на Шакјамуни Буда и учењата на Будизмот

### Параболата за волшебниот град

Будата нѐ подучува нас да ги вреднуваме Трите Богатства: Будата, Дармата и Сангата. Имајќи верба во Трите Богатства е фундаментално практикување, и тоа е исто основата за станување на верни Будисти.

дБудатае значи Оригиналниот Буда: Вечниот Буда Шакјамуни, Големиот Добронамерен Учител, Светски-Почитуваниот. дДарматае ги индицира учењата на Будата. дСангае значи заедница на луѓе кои ги следат Будините учења и ги практикуваат нив.

Ако ние ги практикуваме учењата, негувајќи ги Трите Богатства како на ша основа, ние можеме да водиме среќни животи.







**Дали знаевте?**

Се смета за основно практикување за Будистите да земат засолниште во, или со цело срце да се посветат на, Трите Богатства: Будата, Дармата, и Сангата. Ришо Косеи-каи исто дава важност на ова.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

# Параболата за волшебниот град







Во заветот на членовите, духот и смислата на основањето на Ришо Косеи-каи, и целта на практикувањето, се искажани во едноставни зборови:

Ние членовите на Ришо Косеи-каи
Земаме засолниште во Вечниот Буда Шакјамуни
И препознаваме во Будизмот вистински
пат кон ослободување,
Под водството на нашиот почитуван основач, Никјо Нивано.
Во духот на световни Будисти,
Ние се заветуваме да се усовршиме себеси
Низ лична дисциплина и водење на другите
И преку подобрување на нашето знаење и практикуваме на вербата,
И ние се заложуваме себеси да го следиме бодисатва патот
Да донесеме мир за нашите фамилии, заедници, и држави, и за светот.

**Дали знаевте?**

дПодобрување на нашето знаење и практикување на вербата,е спомнати во заветот, значи да се стават учењата на Лотос Сутрата во пракса. Само после практикување на тоа ние можеме да осознаеме дека има уште да се научи и ја разбираме важноста на подобрувањето на нашето знаење. Кога ние ќе научиме нешто, ние го практикуваме тоа, и обратно. Учење и практикување се исто како двете тркала на колата.

# Вие се разбудувате себеси преку подучување на Дармата кон другите

## Помагајќи им на сите луѓе да достигнат будаство

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Лотос Сутрата подучува дека дизложувањетое на сутрата е четвртата од петте практикувања на Дарма учителите. Изложувањето на сутрата е проактивно практикување кое е чекор подалеку од донекаде повеќе приемчивите практикувања на дпримање и прегрнување,е дчитање,е и дрецитирањее на сутрата. Јас верувам дека изложувањето на сутрата е најважната од петте практикувања на Дарма учителите.

Постојат две причини за ова. Првата е дека иако Лотос Сутрата е идеално учење кое ги води сите луѓе кон будаство, дури и да вие достигнете ослободувања за себеси преку примање и прегрнување, читање, и рецитирање на сутрата, од гледна точка на аспирацијата која го мотивирала Будата да ја подучува сутрата, вие сеуште имате долг пат да поминете.

Втората причина, зборувајќи за достигнување на будаство, е дека јас мислам дека повеќето луѓе се наклонети да се чувствуваат како да се откажуваат, претпоставувајќи дека станувајќи буда е целосно подалеку од нивниот дофат. Но тоа не е така. Зборот дбудае значи дразбудениот.е Секоја личност која ги има отворено нивните очи кон и осознаено вистината на универзумот и на човечкиот живот е буда.

Но ако е тоа така, зошто е неопходно да се водат луѓето кон будаство? Со цел да ја скратиме долгата приказна, јас мислам дека може да биде добра идеја искрено да се контемплира сегашната состојба на светот и да се замисли блиската иднина на човештвото.

Моментално, човештвото во целина е конзумирано од ненаситна желба. Резултатот на ова е уништување на околината, исцрпување на природните ресурси, голем глад создаден од човечки-направените климатски промени, и некои научници предвидуваат дека ако сегашната ситуација продолжи, тоа ќе причини пропаѓање на повеќето од човечката раса за помалку од сто години. Нашата земја денеска е без сомнеж горечката куќа опишана во дПараболае поглавјето на Лотос Сутрата. Тоа е огромна палата проголтана од пламени. И постои само еден излез од оваа горечка куќа.

Во дПараболае поглавјето, се вели дека куќата диако пространа и голема, имала само еден излезе. Оваа една врата ја претставува практиката на воздржување од себичните желби, на враќање кон животот задоволен со неколку желби. Сепак, ова е лесно да се каже но тешко да се стави во пракса. Сите вие го имате искусено ова од прва рака.

Па, што треба да направиме тогаш? Поглавјето дПараболата на горечката куќае нè подучува да избегаме од горечката куќа барајќи ги било дкозјото возилое (разбудувањето на шравака), деленовото возилое (разбудувањето на пратјекабуда), или воловата кола (разбудувањето на бодисатва) кои Будата ги има припремено баш надвор од вратата.

Со други зборови, не постои пат на ослободување за нас покрај барање на начинот да се стане дразбудене. Да го кажеме тоа различно, потрагата да се стане разбуден значи да се открие на сите луѓе нивната вродена буда природа. Ако вие можете да го достигнете ова, себичните желби природно ќе исчезнат пред да знаете. Едната врата излез од горечката куќа е ништо друго освен откривање на буда природата на луѓето кон нив.






## A Global Buddhist Movement




**Information about local Dharma centers**

**facebook**

**twitter**

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот : living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp